РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Примено: 26.04.2023

| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 451/1 | | |


# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Доставете ни ги двогодишните извештаи за реализација на Регионалниот план за управување со отпадот за Југоисточниот регион кои Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпадот ги изготвил за периодот од 2016 година заклучно со 2023 година и ги доставил до советот на општината согласно членот 18-а став 7 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РМ бр. 68/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 147/2013, 163/2013, 51/2015, 146/2015, 156/2015, 192/2015, 39/2016, 63/2016 и 31/2020)

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил,** [redacted]
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Во [redacted], 25.04.2023 година**

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10 - 451/2
05.05.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] под бр.10-451/1 од 26.04.2023 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под бр.10-451/1 од 26.04.2023 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал:З.Пеева
Одобрил: С.Х.Јовановиќ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-451/3
05.05. 2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Арх. знак 1005
Рок на чување 5
05.05.2023 год.
Потпис

ДО
[redacted]

**ПРЕДМЕТ**: Одговор на Ваше барање по ЗСПИЈК од 25.04.2023 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање по ЗСПИЈК од 25.04.2023 година, заведено под бр. 10-451/1 од 26.04.2023 година, во прилог Ви испраќаме одговор за бараните информации .

Со почит,

Општина Валандово
Лице задолжено за посредување со
информации од јавен карактер
Соња Христова-Јовановиќ

**ПРИЛОГ:** Извештај за стратегиска оцена на животната средина на регионалниот план за управување со отпад во југоисточниот плански регион